**Општина Аеродром**

## ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Општина Аеродром во целост ја спроведува Политиката за квалитет, која е заснована на систем ориентиран кон принципите за унапредување на Општината преку задоволување на барањата на стандардот ISO 9001:2015, очекувањата на граѓаните во ефективно и ефикасно решавање на нивните потреби и проблеми а кои се во надлежност на локалната самоуправа.

Политиката за квалитет, која е рамка за воспоставување и прегледување на дефинираните цели за квалитет, периодично се прегледува и менува кога е потребно.

Основните принципи на Политиката за квалитет, кон кои општина Аеродром се обврзува, се засноваат на:

• Почитување на законите и актите на локалната самоуправа;
• Давање на приоритет при извршувањето на должноста на јавниот интерес и неговата заштита;
• Одговорност и отчет пред граѓаните;
• Почитување на граѓаните на Општината;
• Заштита на угледот на локалната самоуправа;
• Заштита на имотот и средствата на локалната самоуправа;
• Исполнување на изборната програма и ветувања;
• Почит кон вработените во локалните органи на власта;
• Унапредување на работата на локалната самоуправа;
• Информирање, дистрибуција и подигање на свеста на граѓаните;
• Развивање на Општината преку размена на искуства и знаења со други општини во Републиката и Европа;
• Вклучување на вработените во унапредувањето на Општината , користејќи го нивното знаење, искуства за обединување на окружувањето , во рамките на нивните овластувања и дефинираните надлежности;
• Прифаќање на процесен пристап во унапредување на реализацијата на услугите на Општината и создавање на систем од взаемно поврзани процеси кој ги остварува сите цели на Општината;
• Перманентно спроведување на стручно оспособување за квалитетот на вработените на сите нивоа;
• Идентификација и елиминација на сите недостатоци кои можат да предизвикаат неповолно влијание на целата заедница;
• Обезбедување на опкружување во кое вработените се мотивирани за непрекинато подобрување при реализација на работите од надлежноста на Општината ,процесите и Системот за управување со квалитет ISO 9001:2015.

Скопје: 02.11.2022

Градоначалник

Доц. Д-р. Тимчо Муцунски

Република Северна Македонија-Општина Аеродром Скопје